—— Карл Маркс - Фридрих Енгелс ——

# МАНИФЕСТ
# на Комунистичката партија

**Напишано:** 1848
**Издавач:** „Аз-Буки“, Скопје, 2008
**Превод:** Денко Скаловски, од германски јазик
**Техничка обработка:** Здравко Савески
**Онлајн верзија:** август 2016

Сениште кружи низ Европа - сеништето на комунизмот.

Сите сили на старата Европа направија сојуз за света војна против тоа сениште: римскиот папа и рускиот цар, Метерних и Гизо, француските радикали и германските полицајци.

Која е таа опозициона партија која од нејзините противници што се на власт не би била извикана како комунистичка? Која е таа опозициона партија која, од своја страна, не би возвратила со оптужба, и на понапредните опозиционери и на своите реакционерни противници, жигосувајќи ги како комунисти?

Две работи произлегуваат од овој факт.

Комунизмот веќе го признаваат како сила сите европски сили.

Крајно време е комунистите пред сиот свет отворено да ги изложат своите погледи, своите

цели, своите стремежи, и на сказните за сеништето на комунизмот да им спротивстават манифест на самата Партија.

За таа цел, во Лондон се собраа комунисти од најразлични нации и го изготвија следниот Манифест, кој се објавува на англиски, француски, германски, италијански, фламански и дански јазик.

# I
# Буржуи и пролетери[1]

Историјата на сите досегашни општества е историја[2] на класни борби. Слободниот и робот, патрицијот и плебеецот, феудалецот и крепосникот,

[1] Под *буржоазија* се подразбира класа на модерни капиталисти, сопственици на општествените средства за производство, кои го искористуваат наемниот труд. Под *пролетаријат* се подразбира класа на модерни наемни работници, кои не поседуваат сопствени средства за производство - за да живеат принудени се да ја продаваат својата работна сила. (*Забелешка кон англиското издание од 1888 год*.)

[2] Тоа значи, поточно кажано, наследената *пишана* историја. До 1847 год. предисторијата на општеството, општествената организација која ѝ претходеше на секоја пишана историја, беше речиси сосема непозната. Кога Хакстхаузен ја открил заедничката земјишна сопственост во Русија, Мауер докажал дека таа била општествената основа од која историски произлегоа сите германски племиња, и постепено се докажа дека селските општини, со заедничкиот земјишен имот, биле првобитната форма на општеството, од Индија до Ирска. Најпосле, внатрешната организација на тоа првобитно комунистичко општество, во неговата типична форма, беше објаснета од Морган, со неговото крунско откритие за вистинската природа на *родот* и неговата положба во *племето.* Со распаѓањето на овие првобитни заедници, почнува расцепувањето на општеството на посебни и, на крајот на краиштата, на спротивставени класи. (*Забелешка кон англиското издание од 1888 год*.)

еснафот и калфата, накусо – угнетувачот и угнетениот - стојат во постојана спротивставеност еден наспроти друг, водејќи непрекината, де скришна, де јавна борба, која секогаш завршувала со револуционерна преобразба на целото општество, или со заедничка пропаст на класите што се борат.

Во поранешните историски епохи речиси насекаде наоѓаме целосна поделба на општеството на различни сталежи, многукратно степенување на општествени положби. Во стариот Рим имаме патриции, витези, плебејци, робови; во средниот век феудални господари, вазали, еснафски мајстори, калфи, крепосници, и уште згора на тоа, речиси во секоја од тие класи, повторно посебни степени.

По пропаста на феудалното општество произлезеното модерно буржоаско општество не успеа да ги надмине класните спротивности. Тоа само роди нови класи, нови услови на угнетување, нови облици на борба на местото на старите.

Меѓутоа, нашата епоха, епохата на буржоазијата, се одликува со тоа што ги поедностави класните спротивности. Целото општество, сè повеќе и повеќе, се раздвојува на два непријателски табора, во две големи, една на друга директно

---

Јас се обидов тој процес на распаѓање да го проследам во делото „Потеклото на семејството, на приватната сопственост и на државата“; второ издание, Штутгарт, 1886 год. (*Забелешка кон англиското издание од 1888 год.*)

спротивставени класи: буржоазијата и пролетаријатот.

Од крепосните селани во средновековието излегоа слободните граѓани на првите градови; од тој градски сталеж се развија првите елементи на буржоазијата.

Откривањето на Америка, морскиот пат околу Африка, создадоа нов терен за растечката буржоазија. Источноиндискиот и кинескиот пазар, колонизацијата на Америка, размената со колониите, зголемувањето на количеството на средствата за размена на стоки воопшто, им дадоа дотогаш непознат полет на трговијата, морепловството, индустријата, а со тоа и на развојот на револуционерниот елемент во феудалното општество кое пропаѓаше.

Поранешниот феудален, или еснафски начин на индустриско производство, веќе не можеше да ги задоволува нараснатите побарувачки на новите пазари. На негово место стапи мануфактурата. Индустрискиот среден сталеж ги потисна еснафските мајстори; поделбата на трудот меѓу различните корпорации исчезна со поделбата на трудот во рамките на секоја одделна работилница.

Пазарите и натаму постојано растеа, побарувачката и натаму се зголемуваше. Ни мануфактурата веќе не беше достатна. Тогаш пареата и машините го револуционализираа индустриското производство. На местото на

мануфактурата стапи модерната крупна индустрија, а на местото на индустрискиот среден сталеж стапија индустријалците-милионери, шефови на цели индустриски армии, модерните буржуи.

Крупната индустрија создаде светски пазар, кој беше подготвен со откривањето на Америка. Светскиот пазар неизмерно ги разви трговијата, морепловството и сувоземниот сообраќај. Ова, пак, влијаеше врз проширувањето на индустријата. Со иста мера со која растеше индустријата, трговијата, морепловството, железниците, се развиваше буржоазијата, ги зголемуваше своите капитали, и ги потиснуваше во заден план сите класи што беа наследени од средновековието.

Гледаме, значи, дека модерната буржоазија е самата производ на еден долготраен тек на развојот, на низа пресврти во начинот на производството и размената.

Секој од овие степени на развојот на буржоазијата беше проследен со соодветен политички напредок. Таа беше угнетен сталеж под власта на феудалните господари, вооружена и самоуправна асоцијација во комуната;[3] тука –

[3] „Комуни“ се нарекуваа градовите во Франција што се појавија дури и пред да успеат од своите феудални господари да ги извојуваат градската самоуправа и политичките права на „третиот сталеж“. Општо земено, ние тука како типична земја за економски развој на буржоазијата ја наведовме Англија, а за политички развој Франција. (*Забелешка кон англиското издание од 1888 год.*)

независна градска република,[4] таму - трет, оданочуван сталеж на монархијата;[5] потоа, во времето на мануфактурата, противтежа на племството во сталешката или апсолутната монархија и главна основа на големите монархии воопшто; додека најпосле, со настанокот на крупната индустрија и светскиот пазар, таа не си извојува исклучително политичко господство во модерната претставничка држава. Модерната државна власт е само одбор што управува со заедничките деловни работи на целата буржоаска класа.

Буржоазијата одигра највисока револуционерна улога во историјата.

Насекаде каде што дојде на власт, буржоазијата ги разори сите феудални, патријархални, идилични односи. Безмилосно ги раскина шареноликите феудални јазли што го врзуваа човекот за неговите природни претпоставки, не оставајќи меѓу луѓето никаква друга врска освен голиот интерес, бесчувствителното „плаќање во готово“. Во ледената вода на егоистичната сметка таа ги потопи светите треперења на побожниот занес, ритерското воодушевување, малограѓанската сентименталност.

---

Така ја нарекуваа својата градска општина граѓаните на Италија и Франција, откако од своите феудални господари ќе ги откупеа, или ќе ги издејствуваа првите самоуправни права.

[4] Република (како во Италија и Германија).

[5] Монархија (како во Франција).

Таа го претвори личното достоинство на човекот во разменска вредност, а на местото на безбројните, со повелба признати и извојувани слободи, постави *една,* бессовесна слобода на трговијата. Со еден збор, на местото на експлоатацијата, која е прикриена со религиозни и политички илузии, таа озакони експлоатација која е отворена, бесрамна, директна и сурова.

Буржоазијата го разголи светиот ореол на сите дотогаш почесни дејности, на кои се гледаше со стравопочитувачки трепет. Таа ги претвори лекарот, правникот, свештеникот, поетот, научникот, во свои платени наемни работници.

Од семејните односи буржоазијата го скина нивниот срцепарателен превез и ги сведе на чисто парични односи.

Буржоазијата обелодени дека бруталната примена на сила во средниот век, со која реакцијата толку се воодушевуваше, наоѓаше соодветно дополнување во дембелското безделничење. Таа покажа што е во состојба да направи човековата дејност. Таа создаде сосема поинакви чуда одошто египетските пирамиди, римските водоводи и готските катедрали; таа изведе сосема поинакви походи одошто биле преселбата на народите и крстоносните војни.

Буржоазијата не може да постои доколку постојано не ги револуционеризира средствата за производство, производствените односи и

целокупните општествени односи. Првиот услов за опстанокот на сите поранешни индустриски класи беше, напротив, зачувувањето на стариот начин на производство во неизменет облик. Непрестајните пресврти на производството, непрекинатите пореметувања на сите општествени односи, вечната несигурност и движењето, се белези на буржоаската епоха кои ја разликуваат од сите други. Сите цврсти, 'рѓосани односи, проследени со застарени претстави и погледи за достоинството, застаруваат и пред да можат да се зацврстат. Испарува сѐ што е стабилно и востановено, се скврнави сѐ што е свето, така што луѓето, најпосле, се принудени со трезвени очи да ја согледаат својата животна положба, и своите меѓусебни односи.

Потребата од проширување на пазарот за продажба на нејзините производи ја шири буржоазијата по целата земјина топка. Таа насекаде бара да се вгнезди, да се насели, да воспостави врски.

Со нејзината експлоатација на производството и потрошувачката на светскиот пазар, на сите земји буржоазијата им даде космополитски карактер. За голема жал на реакционерите таа на индустријата од под нозе ѝ ја извлече националната почва. Прастарите национални индустрии се уништени и секојдневно продолжуваат да се уништуваат. Нив ги потиснуваат новите индустрии, чиешто

воведување станува животно прашање за сите цивилизирани нации; индустрии кои веќе не преработуваат домашни суровини, туку суровини кои потекнуваат од најоддалечените области, и чии фабрички производи се трошат не само внатре во земјата, туку во сите делови на светот. На местото на старите потреби, задоволувани со домашни производи, стапуваат нови, за чие задоволување се бараат производи од најоддалечените земји и поднебја. На местото на старата локална и национална самодоволност и затвореност стапува сестран сообраќај и сестрана взаемна меѓузависност на нациите, како во материјалното, така и во духовното производство. Духовните производи на одделни нации стануваат општо добро. Националната едностраност и ограниченост сè повеќе и повеќе стануваат невозможни, и од многуте национални и локални литератури се создава светска литература.

Со брзото усовршување на сите средства за производство, со бескрајното олеснување на комуникациите, буржоазијата вовлекува во цивилизацијата сè, дури и најварварските нации. Ниските цени на нејзините стоки е онаа тешка артилерија со која таа до темел ги урива сите кинески ѕидови, и ја принудува на капитулација и најтврдокорната омраза спрема странците. Таа ги принудува сите нации да го прифатат буржоаскиот начин на производство, доколку не сакаат да

пропаднат; ги принудува и самите да ја прифатат т.н. цивилизација, т.е. да станат буржуи. Со еден збор, таа си создава свет по своја лика и прилика.

Буржоазијата го потчини селото под власта на градот. Таа создаде огромни градови, до висок степен ја зголеми бројноста на градското население во однос на селското, и така избави значителен дел од населението од идиотизмот на селскиот живот. Како што го направи селото зависно од градот, така ги направи зависни варварските и полуварварските земји од цивилизираните; селските народи од буржоаските народи, Истокот од Западот.

Буржоазијата сѐ повеќе и повеќе ги надминува раситнетоста на средствата за производство, на сопственоста и на населението. Таа го натрупа населението, ги централизира средствата за производство и ја концентрира сопственоста во рацете на малкумина. Нужна последица на тоа беше политичката централизација. Независни, одвај поврзани провинции, со различни интереси, закони, влади и царини, беа збиени во *една* нација, *една* влада, *еден* закон, *еден* национален класен интерес, *една* царинска зона

Во своето помалку од стогодишно класно владеење буржоазијата создаде помасовни и поколосални производни сили одошто сите минати генерации заедно. Потчинувањето на природните сили, машинското производство, примената на хемијата во

индустријата и земјоделството, парабродарството, железниците, електричниот телеграф, мелиоризацијата на цели делови од светот, претворањето на реките во пловни, цели маси население како од под земја изникнати - кое поранешно столетие толку очигледно можело да замисли дека такви производни сили дремат во скутот на општествениот труд?

Значи, видовме дека: средствата за производство и за размена, врз основа на кои се изгради буржоазијата, беа создадени во феудалното општество. На одреден степен на развојот на средствата за производство и размена, односите во кои феудалното општество произведуваше и разменуваше, како и феудалната организација на земјоделството и мануфактурата, со еден збор - феудалните односи на сопственост, веќе престанаа да им одговараат на развиените производни сили. Тие производството го сопираа, наместо да го унапредуваат. Се претворија во негови окови. Тие мораа да бидат раскинати, и беа раскинати.

На негово место стапи слободната конкуренција, со општествена и политичка конституција која ѝ соодветствуваше на економската и политичката власт на буржоаската класа.

Пред наши очи се одвива слично движење. Буржоаските односи на производството и размената, буржоаските односи на сопственоста, модерното буржоаско општество, создадоа толку моќни

средства за производство и размена, кои прилегаат на волшебник кој е немоќен да се справи со подземните сили што ги повикал. Веќе со десетлетија историјата на индустријата и трговијата е само историја на бунтот на модерните производни сили против модерните производствени односи, кои се животни услови за постоење на буржоазијата и на нејзиното владеење. Доволно е да се наведат трговските кризи кои, со своите периодични повторувања, сè поопасно го загрозуваа опстанокот на целото буржоаско општество, ставајќи го под прашање. За време на трговските кризи постојано се уништувал значителен дел не само од готовите производи, туку и дел од веќе создадените производни сили. За време на трговските кризи се појави една таква општествена епидемија која на сите поранешни епохи би им изгледала како бесмислица - епидемијата на хиперпродукција. Општеството одеднаш се наоѓа фрлено назад, во состојба на моментално варварство, небаре гладот и сеопштата уништувачка војна му ги пресушила сите извори на средства за живот; изгледа дека индустријата и трговијата, се уништени, - а зошто? Затоа што општеството има и премногу цивилизација, и премногу средства за живот; премногу индустрија, премногу трговија. Производните сили кои му стојат на располагање не служат повеќе за унапредување на буржоаските односи на

сопственост; напротив, тие станаа премногу насилнички за таквите односи, тие го сопираат нивниот развој; а штом производните сили ќе ги совладаат тие пречки го доведуваат во безредие целото буржоаско општество, го загрозуваат опстанокот на буржоаската сопственост. Буржоаските односи станаа претесни да го опфатат богатството што го создадоа. - Како буржоазијата ги совладува кризите? Од една страна, со принудно уништување на цела маса производни сили; од друга страна, со освојување на нови пазари и поисцрпна експолоатација на старите. Значи, со што? Со тоа што приготвува посестрани и посилни кризи, намалувајќи ги средствата за нивно спречување.

Оружјето со кое буржоазијата го собори феудализмот сега се свртува против самата буржоазија.

Но буржоазијата не ги искова само оружјата што ѝ носат смрт; таа ги створи и луѓето што тоа оружје ќе го носат - модерните работници, *пролетерите.*

Со иста мера во која се развиваше буржоазијата, т.е. капиталот, се развиваше и пролетаријатот, класата на модерни работници, кои живеат додека наоѓаат работа, а ја наоѓаат додека нивниот труд го зголемува капиталот. Работниците, кои мораат да се продаваат на парче, се еден вид стока како и секој друг трговски артикал, кои се

подеднакво изложени на сите случајности на конкуренцијата, на сите колебања на пазарот.

Со ширењето на машинското производство и поделбата на трудот, тој загуби секаков самостоен карактер, а со тоа и секаква привлечност за работниците. Тој станува прост, едноставен додаток на машината, од кој се бараат само наједноставни, наједнолични движења на раката, кои најлесно се учат. Затоа, трошоците кои работникот ги предизвикува се ограничуваат, речиси, само на средствата за живот што се потребни за негово издржување и за продолжување на неговиот род. Меѓутоа, цената на секоја стока, значи и на трудот, [1] е еднаква на цената на чинење на нејзиното производство. Колку повеќе расте одбојноста на трудот, толку повеќе опаѓа наемнината. И уште повеќе: колку повеќе расте примената на машините и поделбата на трудот, толку повеќе расте количеството на трудот, било со зголемувањето на бројот на работните часови, било со зголемувањето на количеството на трудот потребно за одредено време, со забрзување на тактот на машините итн.

Модерната индустрија ја претвори малечката работилница на патријархалниот мајстор во голема фабрика на индустриските капиталисти. Масата работници, заедно втерани во фабрики, војнички се организирани. Како обични војници на индустријата тие се ставаат под надзор на цела

хиерархија на индустриски подофицери и офицери. Тие не се само робови на буржоаската класа, на буржоаската држава; секој ден и секој час нив ги поробува машината, надзорникот и, пред сè, поединечниот буржуј-фабрикант. Колку што овој деспотизам е поситничав, поодвратен, колку што повеќе предизвикува огорченост, толку добивката поотворено се прогласува за единствена цел.

Колку помалку вештина и сила бара рачниот труд, односно колку повеќе се развива модерната индустрија, толку повеќе машкиот труд се потиснува од женскиот (и од детскиот). Разликите во полот и возраста на работничката класа губат секакво општествено значење. Постојат само работни орудија кои предизвикуваат различни трошоци во зависност од возраста и полот.

Кога најпосле завршува експлоатацијата на работникот од страна на фабрикантот, и кога во готово ќе ја добие својата наемнина, врз него се нафрлаат други делови на буржоазијата - станодавецот, бакалот, лихварот итн.

Досегашните ситни средни сталежи, ситни индустријалци, трговци и рентиери, занаетчии и селани, - сите тие класи преминуваат во пролетаријат, затоа што нивниот мал капитал е недоволен за водење на крупни индустриски претпријатија кои ѝ подлегнуваат на конкуренцијата на покрупните капиталисти, а нивната вештина се обезвреднува како резултат на воведувањето на нови

начини на производство. Така, пролетаријатот се регрутира од сите класи на населението.

Пролетаријатот минува низ различни степени на развој. Неговата борба против буржоазијата започнува со неговото настанување.

Во почетокот се борат поедини работници, потоа работници од една фабрика, па работници од една гранка на трудот во една област против поединечниот буржуј, кој непосредно ги експлоатира. Работниците ги насочуваат своите напади не само против буржоаските производствени односи, туку и против самите орудија за производство; ги уништуваат конкурентните странски стоки, ги кршат машините, ги палат фабриките, се обидуваат да ја повратат загубената положба на средновековниот работник.

На тој начин работниците образуваат една расеана маса низ целата земја, расцепкана од конкуренцијата. Масовното обединување на работниците не е последица на нивното сопствено соединување, туку последица на соединувањето на буржоазијата, која, заради постигнувањето на своите сопствени политички цели, мора, а привремено и може, да го стави во движење целокупниот пролетаријат. Значи, работниците не водат борба против своите непријатели, туку против непријателите на своите непријатели - против остатоците на апсолутната монархија,

земјопоседниците, неиндустриските буржуи, ситните буржуи. Така, целокупното историско движење се концентрира во рацете на буржоазијата; секоја победа, вака извојувана, е победа на буржоазијата.

Но со развојот на индустријата не се множи само пролетаријатот; тој се збива во поголеми маси, неговата сила расте и тој сè повеќе ја чувствува. Интересите, животните услови на пролетаријатот сè повеќе и повеќе се изедначуваат, машините сè повеќе ги бришат разликите во трудот и речиси насекаде наемнината ја сведуваат на подеднакво ниско ниво. Растечката конкуренција внатре буржоазијата и трговските кризи кои оттука произлегуваат ја прават наемнината на работникот сè поколеблива; сè побрзото усовршување на машините ја прават сè понесигурна животната положба на пролетеријатот; судирите меѓу одделниот работник и одделниот буржуј сè повеќе добиваат карактер на судири меѓу две класи. Работниците почнуваат да формираат коалиции против буржуите; тие заеднички настапуваат во одбрана на својата наемнина. Тие основаат самофинансирани постојани асоцијации за да си обезбедат средства во случај на можни бунтови. На места борбата преминува во востанија.

Одвреме-навреме работниците победуваат, но тоа е само привремено. Вистинскиот резултат на нивната

борба не е непосредниот успех, туку сè пошироко распространетото обединување на работниците. За тоа придонесе постојаниот пораст на сообраќајните средства што ги создаде крупната индустрија, која ги поврза работниците од разни места. Таа врска, имено, е потребна за да ги централизира многубројните локални жаришта на борбата, кои имаат ист карактер, за да ги поврзе во една централизирана, национална и класна борба. Меѓутоа, секоја класна борба е политичка борба. А обединувањето, за кое на средновековните граѓани, со нивните селски патишта, им требаше столетија, современите пролетери, благодарејќи на железниците, тоа го постигнале за неколку години.

Оваа организација на пролетерите во класа, а со тоа и во политичка партија, секој момент повторно се разбива со конкуренцијата меѓу самите работници. Но таа секогаш повторно се раѓа, како посилна, поцврста, помоќна. Таа преку борба постигнува да се признаат одделни интереси на работниците во законска форма, користејќи ги притоа разидувањата меѓу одделни слоеви на буржоазијата. Така беше и со законот за десетчасовното работно време во Англија.[2]

Во старото општество судирите воопшто многукратно го помагаат развојот на пролетаријатот. Буржоазијата се наоѓа во постојана борба: најпрвин против аристократијата, подоцна против делови од самата буржоазија, чиишто интереси доаѓаа во

противречност со напредокот на индустријата, а постојано со буржоазиите на сите странски земји. Во сите тие борби таа е принудена да му се обраќа на пролетаријатот, да ја бара неговата помош, и така да го вовлекува во политичко движење. Значи, таа самата на пролетаријатот му ги дава елементите на своето сопствено образување,[6] т.е. оружјата против самата себе.

Како што видовме, индустрискиот напредок фрла цели слоеви од владеачката класа во редовите на пролетаријатот, или во најмала рака, ги загрозува нивните животни услови. И ова му носи на пролетаријатот маса на елементи за образување.[7]

Во време кога класната борба се наближува кон разврска, процесот на распаѓање во рамките на владеачката класа, во целото старо општество, добива толку бурен и толку остар карактер, што мал дел од владеачката класа се одрекува од неа, и ѝ се придружува на револуционерната класа, кон класата која иднината ја држи во свои раце. И оттука, како што порано дел од племството преминувало во буржоазијата, така сега дел од буржоазијата преминува во пролетаријатот, имено, делот од буржуите-идеолози, кои се воздигнале до теориско разбирање на текот на историското движење.

Од сите класи коишто денес ѝ се спротивставуваат на буржоазијата, само

---

[6] Политички и општообразовни елементи.

[7] Елементи на просветување и напредок.

пролетаријатот претставува вистинска револуционерна класа. Сите други класи се губат и пропаѓаат со крупната индустрија, само пролетаријатот е нејзин сопствен производ.

Средните сталежи - ситниот индустријалец, ситниот трговец, занаетчијата, селанецот - сите тие се борат со буржоазијата за да го спасат од пропаста како средни сталежи својот опстанок. Значи, тие не се револуционерни, туку конзервативни. Дури и повеќе, тие се реакционерни, настојуваат да го вратат назад тркалото на историјата. Ако се револуционерни, тоа е дотолку – доколку им претстои премин во редовите на пролетаријатот, доколку ги бранат не своите сегашни, туку своите идни интереси, доколку го напуштаат своето сопствено гледиште, за да застанат на гледиштето на пролетаријатот.

Лумпенпролетаријатот, тој пасивен гнилеж од најниските слоеви на старото општество, со пролетерската револуција наместа се уфрла во движење, но со целата своја животна положба тој е понаклонет да се продава за реакционерни сплеткарења.

Животните услови на старото општество се веќе уништени во животните услови на пролетаријатот. Пролетерот нема сопственост; неговиот однос спрема жената и децата веќе нема ништо заедничко со буржоаските семејни односи; модерниот индустриски труд, модерното робување на

капиталот, во Англија, Франција, Америка и во Германија, избришаа од него секаква национална карактеристика. Законите, моралот, религијата, за него се само буржоаски предрасуди, зад кои се кријат буржоаските интереси.

Сите поранешни класи, откако ќе си го извојувале господарството, се стремеле да ја осигураат својата стекната животна положба, потчинувајќи го целото општество на условите што им го обезбедуваат нивниот начин на присвојување. Пролетерите можат да ги освојат општествените производни сили со тоа што ќе го укинат досегашниот начин на присвојување. Пролетерите немаат ништо сопствено да осигураат, тие можат да ја разурнат секоја досегашна приватна сигурност и приватно осигурување.

Сите досегашни движења биле движења на малцинствата, или во интерес на малцинства. Пролетерското движење е самостојно движење на огромно мнозинство во интерес на тоа мнозинство. Пролетаријатот, најнискиот слој на сегашното општество, не може да се воздигне, да се исправи, без да летне во воздух целата надградба на слоеви што го образуваат официјалното (службеното) општество.

Иако не по содржина, туку по форма, борбата на пролетаријатот против буржоазијата е отпрвин национална. Се разбира, пролетаријатот на секоја

земја прво мора да расчисти со својата сопствена буржоазија.

Опишувајќи ги најопштите фази на развојот на пролетаријатот, ние ја проследуваме, повеќе или помалку, прикриената граѓанска војна внатре во постојното општество, сè до нејзиното избувнување во отворена револуција, кога пролетаријатот со насилно соборување на буржоазијата го засновува своето владеење.

Впрочем, сите досегашни општества се засновале врз спротиставеноста на класите на угнетувачи и угнетувани. Но, за да биде можно угнетувањето на која и да е класа, мора да и бидат осигурани условите во кои таа може да го одржува своето ропско постоење. Крепосниот селанец од својата состојба станал член на комуната исто како што ситниот буржуј, под јаремот на феудалниот апсолутизам, се пробил до положба на буржуј. Напротив, модерниот работник, наместо да се воздигнувал со напредокот на индустријата, тој тонел сè подлабоко под условите на сопствената класа. Работникот станува паупер, а пауперизмот се развива уште побрзо од населението и богатството. Оттука станува јасно дека буржозијата е неспособна долго да остане владеачка класа на општеството, и на целото општество да му ги натура сопствените животни услови како регулаторен закон. Таа е неспособна да владее зашто е неспособна на својот роб да му

обезбеди дури ни ропско ниво при неговото робување; таа е неспособна да владее зашто е принудена да го понижи до таква мера во која самата мора да го храни, наместо тој да ја храни неа. Општеството веќе не може да живее, што значи дека нејзиниот живот е веќе неподнослив за општеството.

Битниот услов за опстанокот и владеењето на буржоазијата е натрупувањето на богатството во приватни раце, создавањето и зголемувањето на капиталот. Услов за зголемување на капиталот е наемниот труд. Наемниот труд се темели исклучиво врз меѓусебната конкуренција на работниците. Напредокот на индустријата, чијшто несакан носител е буржоазијата, на местото на со конкуренцијата разединетите работници го поставува револуционерното обединување преку асоцијации. Значи, со развојот на крупната индустрија, од под нозете на буржоазијата се истргнува самата основа врз која таа произведува и ги присвојува производите. Таа ги произведува, пред сè, сопствените гробари. Нејзината пропаст, како и победата на пролетаријатот, се подеднакво неизбежни.

# II
# Пролетери и комунисти

Во каков однос стојат комунистите спрема пролетерите воопшто?

Комунистите не се некоја посебна партија наспроти другите работнички партии. Тие немаат никакви одделни интереси од интересите на целокупниот пролетаријат.

Тие не поставуваат никакви посебни принципи во кои би сакале да го вкалапат пролетерското движење.

Комунистите се разликуваат од другите пролетерски партии само по тоа што, од една страна, во нивната борба пролетерите од различни нации ги истакнуваат и ги вреднуваат интересите на целокупниот пролетаријат, кои не зависат од нивната националност; од друга страна, во различните развојни степени, низ кои минува борбата на пролетаријатот со буржоазијата, тие постојано ги застапуваат интересите на целокупното движење.

Комунистите, во практиката се најрешителениот дел од работничките партии во сите земји, дел што влече напред. Тие во теоретски поглед предничат пред останатата маса на пролетаријатот со тоа што ги разбираат условите, текот и општите резултати на пролетерското движење.

Целта на комунистите е иста како и на другите пролетерски партии: формирање на пролетаријатот во класа, соборување на буржоаското господарување, освојување на политичката моќ од страна на пролетаријатот.

Теоретските ставови на комунистите во никој случај не се засновуваат врз идеите, принципите што ги измислил или открил овој или оној поправач на светот.

Тие се само општи изрази на фактичките односи на постојната класна борба, на историското движење што се одвиваше пред нашите очи. Укинувањето на досегашните односи на сопственост не е некое својствено обележје на комунизмот.

Сите односи на сопственост беа подложени на постојано историско менување, на постојана историска промена.

На пример, Француската револуција ја укина феудалната сопственост во корист на буржоаската.

Она што е обележје на комунизмот не е укинувањето на сопственоста воопшто, туку укинувањето на буржоаската сопственост.

Но модерната буржоаска приватна сопственост е последниот и најцелосен израз на производството и присвојувањето на производите кои почиваат врз класни спротивности, врз експлоатација на едни од други.

Во таа смисла, комунистите можат да ја изразат својата теорија со еден став: надминување, укинување на приватната сопственост.

Нам, на комунистите, ни префрлаат дека сме сакале да ја укинеме лично стекнатата, со сопствен труд заработена сопственост; сопственост што ја создава основата на секоја лична слобода, дејност и самостојност.

Со труд добиена, стекната, лично заработена сопственост! Вие зборувате за ситнобуржоаската, ситноселанската сопственост, која ѝ претходеше на буржоаската сопственост? Ние не треба да ја укинуваме, неа ја укина развојот на индустријата, и катадневно ја укинува.

Или зборувате за модерната буржоаска приватна сопственост?

Но зарем наемниот труд, трудот на пролетерот, му создава нему сопственост? Во никој случај. Тој создава капитал, т.е. сопственост која го експлоатира наемниот труд, сопственост која може да се зголемува само под услов ако раѓа нов наемен труд, за да повторно би го експлоатирала. Сопственоста, во својот денешен облик, се движи спротивно на капиталот и наемниот труд. Да ги разгледаме и двете страни во нивната спротивност.

Да се биде капиталист не значи да се зазема некоја чисто лична, туку општествена положба во производството. Капиталот е заеднички производ и може да биде ставен во движење само со заедничка

акција на многубројни членови, во крајна линија, со заедничка акција на сите членови на општеството.

Значи, капиталот не е лична моќ - тој е општествена моќ.

Кога капиталот ќе се претвори во општа сопственост на сите членови на општеството, тоа не значи претворање на личната сопственост во општествена. Се менува само општествениот карактер на сопственоста. Таа го губи својот класен карактер.

Сега доаѓаме до наемниот труд:

Просечната цена на наемниот труд е минимумот на заработувачката, односно збирот на средствата што се потребни за да се одржи во живот работникот како работник. Она што, како резултат на својата дејност, работникот го присвојува за себе, одвај стиг(нув)а за репродукција на неговиот гол живот. Ние во никој случај не сакаме да го укинеме личното присвојување на производите на трудот што служат за репродукција на непосредниот живот, бидејќи тоа не остава никаков чист приход кој би можел да создаде моќ над туѓиот труд. Ние сакаме да го надминеме само бедниот карактер на ваквото присвојување, каде што работникот живее само за да го зголемува капиталот, живее само дотогаш до кога тоа го бараат интересите на владеачката класа.

Во буржоаското општество живиот труд е само средство за зголемување на натрупаниот труд. Во

комунистичкото општество натрупаниот труд е само средство за проширување, збогатување и унапредување на животниот процес на работниците.

Значи, во буржоаското општество минатото владее врз сегашноста, во комунистичкото општество сегашноста над минатото. Во буржоаското општество капиталот е самостоен и личен, додека активниот индивидум е несамостоен и обезличен.

И превозмогнувањето на овие односи буржоазијата ги нарекува превозмогнување на личноста и слободата?! Со право. Навистина се работи за превозмогнување на буржоаската личност, буржоаската самостојност, буржоаската слобода.

Во рамките на денешните буржоаски односи под слобода се подразбира слобода на трговијата, слобода на купувањето и продавањето.

Но ако пропадне тргувањето, тогаш пропаѓа и трговијата. Сказните за слободното тргување, како и сите останати слободарски високопарности на нашата буржоазија, имаат некоја смисла само во однос на зависното тргување на потчинетиот граѓанин од средновековието, но не и во однос на комунистичкото превозмогнување на тргувањето, на буржоаските производствени односи, и на самата буржоазија.

Вас ве фаќа ужас од тоа што ние сакаме да ја укинеме приватната сопственост. Па токму во

вашето постојно општество приватната сопственост е укината за девет десетини од неговото членство; тоа постои токму благодарејќи на тоа што за девет десетини не постои. Вие, значи, ни префрлате дека ние сакаме да ја укинеме сопственоста која нужно претпоставува огромното мнозинство од општеството да нема сопственост.

Со еден збор, вие ни префрлате дека сакаме да ја укинеме вашата сопственост. Секако, тоа го сакаме.

Од моментот кога ќе биде невозможно трудот да се претвора во капитал, во пари, во земјишна рента, накусо, во општествена сила што може да се монополизира, т.е. кога личната сопственост веќе не ќе може да се претвора во буржоаска сопственост, од тој момент, објаснувате вие, ќе биде укината личноста.

Вие, значи, признавате дека под личност не подразбирате никој друг освен буржујот, буржоаскиот сопственик. Таквата личност секако треба да биде укината.

Комунизмот никому не му ја одзема моќта да присвојува од општествените производи, тој само ја одзема моќта со помош на тоа присвојување да се подјармува туѓиот труд.

Се приговорува дека со укинувањето на приватната сопственост ќе престанела сета дејност, и дека ќе настапело сеопшто безделништво.

Да беше така, буржоаското општество би требало веќе одамна да пропадне од мрзливост; зашто оние што во него работат не стекнуваат ништо, а оние што стекнуваат, не работат. Сето промислување се сведува на тавтологија дека кога веќе ќе го нема наемниот труд, ќе го снема и капиталот.

Сите приговори упатени против комунистичкиот начин на присвојување и производството на материјалните продукти се проширени исто така и на духовните производи. Како што за буржујот укинувањето на класната сопственост претставува укинување на самото производство, така и укинувањето на класното образование за него е еднакво со укинувањето на образованието воопшто.

Образованието, чиешто укинување тој го оплакува, за огромното мнозинство е приученост за опслужување на машината.

Ама не се карајте со нас, зашто укинувањето на буржоаската сопственост вие го мерите со вашите буржоаски претстави за слободата, образованието, правото итн. Самите ваши идеи се продукт на буржоаските односи кон производството и сопственоста, како што и вашето право е само во закон претворена волја на вашата класа, волја чијашто содржина е дадена во материјалните услови на вашата класа.

Вашата претстава од интерес - според која вашите односи кон производството и сопственоста, кои се историски и минливи во текот на производството, а кои ги претворате во вечни закони на природата и умот - ви е заедничка со сите пропаднати владеачки класи. Она што подразбирате под античка сопственост, под феудална сопственост, веќе не смеете да го земате за буржоаска сопственост.

Укинување на семејството! Дури и крајните радикали се грозат од оваа срамна намера на комунистите.

Врз што се засновува современото, буржоаско семејство? Врз капиталот, врз приватната заработувачка. Целосно развиено тоа постои само за буржоазијата; но тоа наоѓа свое дополнување во принудната бессемејност на пролетерите, и во јавната проституција.

Природно е дека буржоаското семејство отпаѓа заедно со отпаѓањето на ова негово дополнување, а двете исчезнуваат со исчезнувањето на капиталот.

Ни префрлате дека сакаме да ја укинеме експлоатацијата на децата од страна на нивните родители? Ние го признаваме тој злостор.

Па велите дека ги укинуваме најприсните односи, зашто на местото на домашното воспитување го ставаме општественото.

А зарем и вашето воспитување не е одредено од општеството, од општествените односи во кои вие

воспитувате, со директно или индиректно мешање на општеството со посредство на училиштето итн.? Комунистите не го измислуваат влијанието на општеството врз воспитувањето; тие го менуваат само неговиот карактер, откинувајќи го од влијанието на владеачката класа.

Буржоаските фрази за семејството и образованието, за присните односи меѓу родителите и децата, стануваат поодвратни благодарејќи ѝ на крупната индустрија каде во пролетерската средина сите семејни врски се раскинуваат, а децата се претвораат во обични трговски артикли и работни орудија.

Ама вие комунистите сакате да воведете заедница на жени - нѝ се развика во хор целата буржоазија.

Буржујот во својата жена гледа просто орудие за производство. Слушнал дека орудијата за производство треба заеднички да се искористуваат, и, природно, не може ништо ни да си замисли освен дека и жените ќе ги стаса истата судбина.

Тој нема поим дека станува збор токму за укинувањето на положбата во која жената е просто орудие за производство.

Впрочем, нема ништо посмешно од високоморалниот ужас на нашите буржуи за наводната официјална комунистичка заедница на жени. Комунистите немаат потреба од воведување заедница на жени, таа речиси секогаш постоела.

Нашите буржуи, незадоволни со тоа што на располагање им стојат жените и ќерките на нивните работници, а за јавната проституција и да не зборуваме, наоѓаат главно задоволство во заведувањето на своите сопруги едни од други.

Во стварноста буржоаскиот брак е заедница на жени. Она што најмногу би можело да им се префрли на комунистите е тоа дека наместо лицемерно прикриена, сакаат да воведат официјална, отворена заедница на жени. Впрочем, само по себе се подразбира дека со укинувањето на денешните производствени односи ќе исчезне и заедницата на жени која од нив произлегува, т.е. официјалната и неофицијалната проституција.

Понатаму, на комунистите им се префрла дека сакале да ја укинат татковината, националноста.

Работниците немаат татковина. Не може да им се земе она што го немаат. Со оглед на тоа дека пролетаријатот пред сè мора да извојува политичко господарство, да се издигне до национална класа,[8] самиот да се конституира како нација, тој е и национален, но никако во буржоаска смисла.

Националните посебности и спротивности меѓу народите сè повеќе исчезнуваат веќе со развојот на буржоазијата, со слободната трговија, со светскиот пазар, со униформноста на индустриското производство и животните услови кои им соодветствуваат.

---

[8] Водечка класа на нацијата.

Владеењето на пролетаријатот уште повеќе ќе го забрза нивното исчезнување. Заедничката акција, барем на цивилизираните земји, е еден од условите за негово ослободување.

Во онаа мера во која ќе биде укината експлоатацијата на една индивидуа од друга, ќе биде укината и експлоатацијата на една нација од друга.

Со падот на спротивставеноста на класите внатре во нацијата паѓа и непријателскиот став меѓу нациите.

Обвиненијата што се креваат против комунизмот од религиозна, философска и, воопшто, од идеолошка гледна точка, не заслужуваат некоја изведена расправа.

Зарем е потребна длабока мудрост за да се сфати дека заедно со животните услови на луѓето, со нивните општествени односи, со нивното општествено битие, се менуваат и нивните претстави, погледи и поими, со еден збор, и нивната свест?

Што друго докажува историјата на идеите ако не дека со преобликувањето на материјалното се преобликува и духовното производство? Владеачките идеи на едно време биле секогаш само идеи на владеачката класа.

Се зборува за идеи што го револуционизираат целото општество; тука станува збор само за фактот дека внатре во старото општество се изградиле елементи на новото општество; дека во

чекор со раскинувањето на старите животни односи оди и раскинувањето со старите идеи.

Кога стариот свет се наоѓал на заоѓање, старите религии биле победени од христијанската религија. Кога христијанските идеи во XVIII век подлегнале пред идеите на просветителството, феудалното општество ја водело својата смртоносна битка со тогашната револуционерна буржоазија. Идеите за слободата на совеста и религијата само го изразуваа владеењето на слободната конкуренција на планот на знаењето.

„Но“, се вели дека „религиските, моралните, философските, политичките, правните идеи итн., навистина се модифицирале во текот на историскиот развој. Религијата, моралот, философијата, политиката, правото, се одржале постојани во тоа менување.

Освен тоа, постојат вечни вистини, какви што се слободата, правичноста итн., кои се заеднички за сите општествени состојби. Комунизмот ги укинува вечните вистини, тој ги укинува религијата, моралот, наместо да ги обновува; значи, тој му противречи на сиот досегашен историски развој.“

На што се сведува ова обвинение? Историјата на целото досегашно општество се движела низ класни спротивности кои во различни епохи имале различни облици.

Но, какви и да биле тие форми, експлоатацијата на еден дел од општеството е факт, кој е заеднички за сите изминати столетија.

Затоа, не е чудно што општествената свест низ сите векови, наспроти својата многустраност и разновидност, се движи во одредени општи форми, во форми на свест кои целосно ќе исчезнат дури со потполното исчезнување на класните спротивности.

Комунистичката револуција претставува најрадикално раскинување со наследените односи на сопственоста; не е чудно што во текот на својот развој таа најрадикално раскинува со идеите наследени од минатото.

Туку, да ги оставиме приговорите на буржоазијата против комунизмот.

Веќе погоре видовме дека првиот чекор на работничката револуција е претворањето на пролетаријатот во владеачка класа, во извојување на демократијата.

Пролетаријатот ја користи својата политичка власт за постапно одземање на сиот капитал од буржоазијата, за централизација на сите орудија за производството во рацете на државата, т.е. на пролетаријатот организиран како владеачка класа, и за што е можно побрзо зголемување на масата на средствата за производство.

Природно дека тоа може да се постигне само со посредство на деспотско мешање во правото на сопственост и во буржоаските производствени

односи, значи со уредби кои економски изгледаат недоволни и неодржливи, но кои со текот на движењето (времето) се надминуваат самите себе си, и се неизбежни како средство за преврат на целиот начин на производство.

Природно дека овие мерки ќе бидат различни во различни земји.

Сепак, за најнапредните земји следните мерки можат да имаат доста општа примена:

1. Експропријација на земјишната сопственост и употреба на земјишната рента за подмирување на државните расходи.
2. Висок прогресивен данок.
3. Укинување на правото на наследство.
4. Конфискација на имотот на сите емигранти и бунтовници.
5. Централизација на кредитите во рацете на државата преку национална банка со државен капитал и исклучителен монопол.
6. Централизација на целокупниот транспортен систем во рацете на државата.
7. Умножување на националните (државните) фабрики, на орудијата за производство; копачење за ораничини површини и подобрување на земјиштето според општ план.
8. Еднаква обврска на труд за сите, создавање на индустриски армии, посебно во земјоделството.
9. Обединување на трудот на земјоделството и индустријата, со заложби за отстранување на разликите меѓу градот и селото.

10. Јавно и бесплатно воспитување на сите деца. Отстранување на фабричкиот труд на децата во неговата денешна форма. Обединување на воспитувањето со материјалното производство итн.

Како што во текот на развојот ќе исчезнуваат класните разлики и целокупното производство ќе се концентрира во рацете на асоцирани индивидуи, така јавната власт ќе го загуби својот политички карактер. Во вистинска смисла на зборот, политичката власт е организирано насилство на една класа за угнетување на друга. Кога пролетаријатот во борбата против буржоазијата нужно се обединува во класа, кога низ револуцијата од самиот себе прави владеачка класа, и како таква насилно ги укинува старите производствени односи, а со тие односи на производство тој ги укинува и условите за постоење на класните спротивности, на класите воопшто, а со тоа и своето сопствено класно владеење.

На местото на старото буржоаско општество, со неговите класи и класните спротивности, стапува асоцијација, во која слободниот развој на секој поединец е услов за слободен развој на сите.

# III
# Социјалистичка и комунистичка литература

## 1. Реакционерен социјализам

### а) Феудален социјализам

Француската и англиската аристократија по својата историска положба биле повикани да пишуваат памфлети против модерното буржоаско општество. Во Француската јулска револуција од 1830 год., [3] и во англиското движење за парламентарна реформа[4] тие уште еднаш подлегнаа пред омразениот скороевец. Не можеше веќе да стане збор за некаква политичка борба. Ним им преостана само литературната борба. Но и на планот на литературата старите фрази од времето на реставрацијата[9] веќе станаа невозможни. За да предизвика симпатии аристократијата мораше привидно да ги испушти од предвид своите интереси, и својот обвинителен акт против буржоазијата да го формулира единствено во интерес на експлоатираната работничка класа. Таа

[9] Не се мисли на времето на реставрацијата во Англија од 1660 до 1689 год., туку на времето на реставрацијата во Франција од 1814 до 1830 година. (*Забелешка кон англиското издание од 1888 год.*)

си правеше задоволство со тоа што пееше пасквили за својот нов владетел, и се осмелуваше на уво да му шепоти повеќе или помалку несреќни пророштва.

На овој начин настана феудалистичкиот социјализам: полу тажачки, полу пасквил; наполу ехо на минатото, наполу закана за иднината, напати погодувајќи ја буржоазијата во срцето со горчливата, духовно поразителна осуда која делува комично со својата целосна неспособност да го сфати текот на модерната историја.

Тие мавтаа со пролетерската питачка торба како со знаме, за да зад себе го присоберат народот. Но секојпат кога тој ќе тргнеше да ги следи, на нивните задници ќе светнеа старите феудални грбови, и тој се разбегуваше со громогласна и навредувачка смеа.

Оваа театарска претстава најдобро ја изведоа дел од француските легитимисти[5] и „Млада Англија“.[6]

Кога феудалците докажувале дека нивниот метод на експлоатација имал поинаков облик од оној на буржоаската експлоатација, тогаш заборавале дека тие експлоатирале во сосема различни и сега наджевеани околности и услови. Кога укажувале дека под нивно господство не постоел модерниот пролетаријат, тогаш заборавале дека токму модерната буржоазија беше нужен ластар на нивниот општествен поредок.

Впрочем, тие толку малку го кријат реакционерниот карактер на својата критика, што

нивното главно обвинение против буржоазијата се состои токму во тоа што при нејзиното господствување се развила класата што ќе го крене во воздух сиот стар општествен поредок.

Тие, многу повеќе, буржоазијата ја прекоруваат за тоа што го создала револуционерниот пролетаријат, отколку за тоа што воопшто создала пролетаријат.

Поради тоа, во политичката практика тие земаат учество во сите мерки на насилство против работничката класа, а во секојдневниот живот, и покрај сите свои надуени фрази, ги собираат златните јаболка,[10] верноста, љубовта, чесноста, и со шпекулација ги разменуваат за волна, шеќерна репка и ракија.[11]

Како што попот секогаш одел рака под рака со феудалецот, така и поповскиот социјализам одел со феудалниот.

Нема ништо полесно отколку на христијанскиот аскетизам да му направиш социјалистичко

[10] Златните јаболка што отпаднаа од дрвото на индустријата.

[11] Ова се однесува главно на Германија, каде што селското благородништво и велепоседниците своите имоти ги стопанисуваа за своја сметка со помош на своите управници, а освен тоа се и крупни произведувачи на шеќерна репка и компирова ракија. Побогатите англиски аристократи до тоа уште немаат дојдено; но и тие знаат како може да се порамни опаѓањето на рентата со давањето на своето име на повеќе или помалку сомнителни основачи на акционерски друштва. (*Забелешка кон изданието од 1888 год.*)

премачкување. Зарем христијанството не грмеше против приватната сопственост, против бракот, против државата? Зарем наместо нив тоа не проповедаше доброчинство и питачење, целибат и умртвување на плотта, манастирски живот и цркви? Христијанскиот социјализам е само света водичка со која попот ја благословува лутината на аристократот.

## б) Ситнобуржоаски социјализам

Феудалната класа не е единствената класа соборена од буржоазијата, и чии животни услови пресушија и изумреа во модерното буржоаско општество. Средновековната ситна буржоазија и сталежот на ситни селани беше претходница на модерната буржоазија. Во земјите со помалку развиена индустрија и потрошувачка оваа класа и натаму уште живурка, и покрај надоаѓачката буржоазија.

Во земјите каде што се разви модерната цивилизација, како дополнителен дел на буржоазијата се образува една нова ситна буржоазија, која лебди помеѓу пролетаријатот и буржоазијата, чии членови конкуренцијата постојано ги фрла во пролетаријат. Така, тие почнуваат да го наѕираат часот кога со развојот на крупната индустрија овој слој наполно ќе исчезне како самостоен дел на модерното општество, и кога во трговијата, мануфактурата и земјоделството ќе бидат заменети со надзорници и слуги.

Во земјите како што е Франција, каде што селанството го сочинуваше повеќе од половината од целокупното население, беше природно писателите - кои настапуваа на страната на пролетаријатот против буржоазијата - во својата критика на буржоаскиот поредок да го применуваат ситнобуржоаското и ситноселанското мерило, а партијата на работниците да ја бранат од позиција на ситната буржоазија. Така се образува ситнобуржоаскиот социјализам. Сисмонди е главниот во оваа литература, не само во Франција, туку и во Англија.

Овој социјализам остроумно ги расчлени противречностите во модерните производствени односи. Тој ги разоткри лицемерните разубавувања на економистите. Тој непобитно го докажа разурнувачкото дејство на машините и поделбата на трудот, концентрацијата на капиталот и земјишниот посед, хиперпродукцијата, кризите, нужната пропаст на ситните буржуи и селани, бедата на пролетаријатот, анархијата во производството, страотната нееднаквост во распределбата на богатството, уништувачката индустриска војна меѓу нациите, распаѓањето на старите обичаи, на старите семејни односи, и на старите нации.

Сепак, по својата позитивна содржина, овој социјализам сака да ги воспостави старите средства за производство и промет, а со нив и старите односи на сопственост како и старото

општество, или сака модерните средства за производство и промет - што веќе ги разби, а мораше да ги разбие - одново насилно да ги затвори во рамките на старите односи на сопственост. И во двата случаја тој е истовремено и реакционерен и утопистички.

Еснафство во индустријата и патријархално стопанство на село - тоа е неговиот последен збор.

Во својот натамошен развој овој правец западна во кукавички мамурлак.[12]

## в) Германскиот, или „вистински“ социјализам

Социјалистичката и комунистичката литература на Франција, која настанала под притисок на владеачката буржоазија, и која е литерарен израз на тоа владеење, е пренесена во Германија во времето кога буржоазијата ја започнала борбата против феудалниот апсолутизам.

Германските философи, полуфилософи и префинети духови, лакомо се дофатија за таа литература, заборавајќи дека со преселувањето на овие списи од Франција во Германија не беа истовремено преселени и француските животни услови. Во односот со германските животни услови француската литература го загуби сето свое непосредно практично значење и се здоби со чисто

[12] Најпосле, кога тврдокорните историски факти го раздуваа самозанесното дејство на секоја опојност, оваа форма на социјализам падна во кукавички мамурлак.

литерарен изглед. Таа мораше да се појави како безделничко мудрување за суштината на човечкото суштество. Така, за германските философи од XVIII век барањата на Првата француска револуција имаа смисла само барањата на „практичкиот ум“ да станат општи. А пројавите на волја кај револуционерната француска буржоазија во нивните очи имаа значење на закони на чистата волја, на волјата каква што таа мора да биде, на вистински човечка волја.

Целата работа на германските литерати се состоеше во тоа да ги усогласат новите француски идеи со својата стара философска совест, или, поточно, од свои философски становишта да ги присвојат француските идеи.

Ова присвојување беше извршено на начин на кој воопшто се извршува присвојувањето на странски јазик преку превод.

Познато е дека монасите пишувале невкусни житија за католичките свештеници преку манускриптите на класичните дела од древните пагански времиња. Со профаната француска литература германските литерати постапија обратно. Под францускиот оригинал тие ја напишаа својата философска бессмислица. На пример, под француската критика на паричните односи напишаа „отуѓување на човечкото суштество“, под француската критика на буржоаската држава

напишаа „укинување на господарството на апстрактното општо“ итн.

Тоа поттурање на својата философска фразеологија под францусните теории за развој, тие го крстија како „философија на чинот”, “вистински социјализам“, „германска наука за социјализмот“, „философско втемелување на социјализмот“ итн.

На тој начин француската социјалистичко-комунистичка литература беше буквално ушкопена. Па како што во рацете на Германецот таа престана да биде израз на борбата на една класа против друга, така тој беше убеден дека ја надминал „француската едностраност“, дека наместо вистинските потреби ја застапувал потребата за вистината, а наместо интересите на пролетаријатот ги застапувал интересите на човечкото суштество, интересите на човекот воопшто, човекот кој не припаѓал на ниту една класа, и воопшто не постои во реалноста, туку само на магливото небо на философската фантазија.

Овој германски социјализам, кој своите беспомошни школски вежби ги сметаше за толку сериозни и свечени, и толку панаѓурски ги трубеше, лека-полека ја губеше својата педантериска невиност.

Борбата на германската, особено на пруската буржоазија, против феудалците и апсолутната монархија, со еден збор, либералното движење, стануваше сè посериозна.

На тој начин, на „вистинскиот“ социјализам му беше дадена присакуваната прилика на ова политичко движење да му спротивстави социјалистички барања, да фрли традиционални анатеми врз либерализмот, претставничката држава, граѓанската конкуренција, граѓанската слобода на печатот, граѓанското право, граѓанската слобода и еднаквост, и на народните маси да им проповеда дека во тоа граѓанско движење нема да добијат ништо, туку напротив, ќе загубат сè. Германскиот социјализам со време заборави дека француската критика, чијшто бездушен одглас беше тој, го претпоставуваше модерното граѓанско општество и нему соодветните животни материјални услови и политичка конституција по нивна мера, а станувaше збор за претпоставки кои во Германија допрва требало да бидат извојувани.

Со свитата попови, училишни наставници, феудалци-кромидари и бирократи, на германските апсолутистички влади тој им служеше како плашило против заканувачката настојчивост на буржоазијата.

Тој беше сладок зачин во маката на горките удари од камшиците и куршумите со кои тие влади се справуваа со востанијата на германските работници.

Како што „вистинскиот” социјализам на тој начин стана оружје во рацете на владите против германската буржоазија, така тој и непосредно застапуваше еден реакционерен интерес, а тоа е

интересот на германското малограѓанство. Вистинската општествена основа на постојниот поредок во Германија ја гради ситната буржоазија, наследена од XVI век, од чие време таа постојано одново се јавува во различни форми.

Нејзиното одржување е одржување на постојниот германски поредок. Таа со страв ја очекува својата неизбежна пропаст од индустриското и политичкото господствување на буржоазијата, од една страна поради концентрацијата на капиталот, и од друга страна поради растежот на револуционерниот пролетаријат. Нејзе ѝ се пристори дека „вистинскиот“ социјализам со еден удар ќе ги убие двете муви. Тој се ширеше како епидемија.

Тоа руво, исткаено од спекулативна пајажина, извезено од цвеќенца на красноречивост, натопено во задушувачки љубовни солзи; тоа накитено руво во кое германските социјалисти го облекоа својот чифт „вечни вистини“, само ја зголемуваше побарувачката на нивната стока кај оваа публика.

Од своја страна, германскиот социјализам сè повеќе се чувствуваше повикан да биде високопарен претставник на ова малограѓанство.

Тој ја прогласи германската нација за норма, а германскиот паланчанец како норма за човек. На секоја негова нискост тој ѝ придаваше некоја скриена, виша, социјалистичка смисла, со што ѝ даваше спротивно значење. Тој ја извлече

последната консеквенца со директното настапување против „сурово деструктивниот“ правец на комунизмот, и објави дека со својата беспристрасна возвишеност стои над секоја класна борба. Со мал број на исклучоци, сè она што во Германија циркулира како наводно социјалистички и комунистички списи, ѝ припаѓа на таа валкана, истрошена литература.[13]

## 2. Конзервативниот или буржоаски социјализам

Еден дел од буржоазијата сака да ги подобри лошите социјални состојби за да го осигура опстанокот на буржоаското општество.

Тука спаѓаат: економисти, филантропи, хуманисти, подобрувачи на положбата на работните класи, организатори на добротворни друштва, заштитници на животните, основачи на фондации за трезвеност, праматари од сите можни бои. Овој буржоаски социјализам е разработен во цели системи.

Како пример ќе ја наведеме Прудоновата „Философија на бедата“.

[13] Револуционерната бура од 1848 год., го збриша овој шугав правец, и на неговите носители им ја одзеде волјата и понатаму да се занимаваат со социјализам. Главниот застапник и класичен тип на овој правец е господинот Карл Грин. (*Забелешка кон германското издание од 1890 год.*)

Социјалистичките буржуи ги сакаат животните услови на модерното општество, но без борба и опасности кои нужно произлегуваат од нив. Тие го сакаат постојното општество со одбивање на оние елементи што го револуционизираат и распаѓаат. Тие сакаат буржоазија без пролетаријат. Природно, светот во кој таа владее буржоазијата си го претставува како најдобар свет. Буржоаскиот социјализам ја разработува оваа утешна претстава помалку или повеќе како еден целосен систем. Кога го повикува пролетаријатот да ги оствари неговите системи и да влезе во новиот Ерусалим, тогаш тој всушност од него бара единствено да остане во сегашното општество, но да ја отфрли од себе својата со омраза задоена претстава за него.

Една друга, помалку систематска, а повеќе практична форма на социјализам, бараше од работничката класа да прежали секакво револуционерно движење, докажувајќи му дека не би му било од корист оваа или онаа политичка промена, туку само промената на материјалните животни услови, економските услови. Меѓутоа, под промена на материјалните животни услови овој социјализам во никој случај не подразбира укинување на буржоаските производствени односи (а што е можно само по револуционерен пат), туку административни олеснувања, вршени врз основата на овие производствени односи, што значи дека тие ништо не менуваат во односот на капиталот и

наемниот труд, туку во најдобар случај на буржоазијата ѝ ги намалуваат трошоците на нејзиното владеење и го поедноставуваат нејзиното државно стопанство.

Својот најсоодветен израз буржоаскиот социјализам го достигнува дури кога станува обична ораторска фигура.

Слободна трговија (!) во интерес на работничката класа; заштитни царини (!) во интерес на работничката класа; затворски самици (!) во интерес на работничката класа: ете го последниот, единствено сериозно мислен збор на буржоаскиот социјализам.

Социјализмот на буржоазијата се состои токму во тврдењето дека буржуите се буржуи - во интерес на работничката класа.

### 3. Критичко-утопистичкиот социјализам и комунизам

Ние тука не зборуваме за литературата која во сите големи модерни револуции ги изразува барањата на пролетаријатот (списите на Бабеф итн.)

Првите обиди на пролетаријатот непосредно да ги оствари своите сопствени класни интереси во време на општа вознемиреност, во периодот на соборувањето на феудалното општество, нужно претрпеа пораз поради неразвиениот облик на

самиот пролетаријат, како и поради недостигот на материјални услови за негово ослободување, кои се исто така продукт на граѓанската епоха. Револуционерната литература која ги следеше овие први движења на пролетаријатот по својата содржина е реакционерна. Таа проповеда општ аскетизам и груба еднаквост.

Вистинските социјалистички и комунистички системи, системите на Сен-Симон, Фурие, Овен итн., изникнуваат во првиот, неразвиен период на борбата меѓу пролетаријатот и буржоазијата, што погоре го прикажавме (види „Буржуи и пролетери").

Творците на овие системи, впрочем, ја гледаа спротивноста на класите, како и дејството на разурнувачките елементи во самото владеачко општество. Но тие на страната на пролетаријатот ја превидуваат неговата историска самоактивност, неговото сопствено политичко движење.

Со оглед на тоа што развојот на класните спротивности оди во чекор со развојот на индустријата, тие не можат да изнајдат материјални услови за ослободување на пролетаријатот, и бараат таква општествена наука, такви општествени закони, кои што би ги создале тие услови.

На местото на општествената активност треба да стапи нивната лична пронаоѓачка активност, на местото на историските услови за ослободување - фантастичните, на местото на постепеното

напредување на пролетаријатот во организирана класа - од нив измислена организација на општеството. Претстојната историја на светот се сведува, според нив, на пропаганда и практична изведба на нивните општествени планови.

Впрочем, тие се свесни дека во своите планови ги застапуваат главно интересите на работничката класа како класа која најмногу страда. За нив пролетаријатот постои само како класа што најмногу страда.

Значи, неразвиената форма на класната борба, како и нивната сопствена животна положба, доведоа до тоа тие да поверуваат дека се далеку над секоја класна спротивност. Тие сакаат да ја подобрат положбата на сите членови во општеството, па и на најситуираните. Затоа тие постојано апелираат до целото општество без разлика, па дури првенствено до владеачката класа. Доволно е само да се разбере нивниот систем, па тој да се признае како најдобар можен план за најдобро можно општество.

Затоа тие ја отфрлаат секоја политичка, имено секоја револуционерна акција; својата цел тие сакаат да се обидат да ја постигнат по мирен пат, со мали, и се разбира, безуспешни експерименти, и со силата на личниот пример да го пробијат патот кон новото општествено евангелие.

Овој фантастичен опис на идното општество настанува во времето кога пролетаријатот е уште

крајно неразвиен, кога и самиот уште фантастично ја сфаќа својата сопствена положба; настанува од неговото претчувство за пробив кон општа преобразба на општеството.

Меѓутоа, социјалистичките и комунистичките списи содржат и критички елементи. Тие ги напаѓаат сите основи на постојното општество. Затоа тие донесоа извонредно вреден материјал за просветување на работниците. Нивните позитивни ставови за идното општество - на пример укинувањето на спротивностите меѓу градот и селото, укинувањето на семејството, на приватното спечалување, на наемниот труд, прогласувањето општествена хармонија, претворањето на државата во обично управување со производството - ја изразуваат само неопходноста од отстранување на класната спротивност, која тукушто почна да се развива, и која ја познаваат само во нејзината неоформена неодреденост. Оттука и самите нивни поставки имаат чиста утопистичка смисла.

Значењето на критичко-утопистичкиот социјализам и комунизам стои во обратен сразмер со историскиот развој. Во иста мера во која класната борба се развива и оформува, ова негово фантастично воздигнување и фантастичната борба губат секаква практична вредност и секаква теориска оправданост. Оттука, како што основоположниците на овие системи во многу погледи беа револуционерни, така нивните

ученици секогаш прават реакционерни секти. Тие цврсто се држат за старите погледи на своите учители наспроти историскиот напредок на пролетаријатот. Затоа доследно настојуваа повторно да ја отапат класната борба и да ги помират спротивностите. Тие сè уште мечтаат за опитно остварување на своите општествени утопии, за основање одделни фаланстери, колонии во внатрешноста (home-colonies), подигање на една мала Икарија[14] - џебно издание на новиот Ерусалим, а за изградбата на сите овие кули од карти мораа да апелираат до филантропијата на буржоаските срца и ќесиња. Тие постепено паѓаат во категоријата на погоре опишаните реакционерни и конзервативни социјалисти, разликувајќи се од нив само по посистематската педантерија, по фанатичкото празноверие во чудотворното дејство на својата општествена наука.

---

[14] *Фаланстери* било назив за социјалистички колонии, планирани од Шарл Фурие; во Америка Кабе утопијата за својата комунистичка колонија ја нарекуваше Икарија. (*Забелешка кон англиското издание од 1888 год*.)

*Home-colonies* (колонии во внатрешноста) ги нарекуваше Овен своите комунистички мостри за општества. *Фаланстери* било името на општествените палати што ги планирал Фурие. *Икарија* се вика утописката, фантастична земја, чии комунистички установи ги опишал Кабе. (*Забелешка кон германското издание од 1890 год.*)

Затоа тие огорчено настапуваат против секое политичко движење на работниците, кое можело да настане само од слепата недоверба во новото евангелие.

Овенистите во Англија реагираат против чартистите,[7] а фуриеристите во Франција против реформистите.[8]

# IV
# Ставот на комунистите спрема разните опозициски партии

Односот на комунистите спрема веќе формираните работнички партии е сам по себе разбирлив по сето она што е речено во II дел, т.е. односот спрема чартистите во Англија и аграрните реформисти[9] во Северна Америка.

Комунистите се борат за постигнување на непосредно дадените цели и интереси на работничката класа, но во современото движење тие едновремено ја застапуваат иднината на движењето. Во Франција комунистите се приклучуваат на Социјалистичко-демократската партија[15] во борбата против конзервативната и радикалната буржоазија, без притоа да се откажат од правото критички да се

[15] Тоа е партијата која во тогашниот парламент ја претставуваше Ледру-Ролан, во литературата Луј Блан, а во дневниот печат весникот *La Reforme*. Името „Социјалдемократија”, за оние што го открија, означуваше дел од демократска или републиканска партија, со повеќе или помалку социјалистичка боја.

Партијата, која тогаш во Франција се нарекуваше социјалистичко-демократска, во политичкиот живот ја застапуваше Ледру-Ролан, а во литературата Луј Блан; значи, од денешната германска социјалдемократија таа се разликуваше како небото од земјата. (*Забелешка кон германското издание од 1890 год.*)

држат спрема фразите и илузиите превземени од револуционерното наследство.

Во Швајцарија ги поддржуваат радикалите, не заборавајќи дека таа партија се состои од противречни елементи, делумно од демократски социјалисти во француска смисла, делумно од радикални буржуи.

Кај Полјаците комунистите ја поддржуваат партијата која смета дека аграрната револуција е услов за националното ослободување. Тоа е партијата што го крена Краковското востание во 1846-та година. [10]

Во Германија, откако буржоазијата настапи револуционерно, Комунистичката партија заедно со неа се бори против апсолутната монархија, феудалниот велепосед и малограѓанството.

Но таа не пропушта ниту миг кај работниците да издејствува што е можно појасна свест за непријателската спротивставеност меѓу буржоазијата и пролетаријатот, со што германските работници како свои оружја можат да ги свртат против буржоазијата сите општествени и политички услови кои буржоазијата со своето владеење мора да ги создаде, а со кои, по уривањето на реакционерните класи во Германија, започнува борбата против самата буржоазија.

Главното внимание комунистите го свртуваат врз Германија која се наоѓа во предвечерието на буржоаската револуција; бидејќи таа го врши овој

преврат во поразвиени услови на европската цивилизација, со далеку поразвиен пролетаријат одошто во Англија во XVII-от и Франција во XVIII век, па поради тоа германската буржоаска революција може да биде непосредна предигра на пролетерската революција.

Со еден збор, комунистите секаде поддржуваат секое револуционерно движење против постојните општествени и политички состојби.

Во сите овие движења тие го имаат предвид прашањето на сопственоста - без оглед на тоа колку тоа може да прими повеќе или помалку развиена форма - како темелно прашање на движењето.

Најпосле, комунистите насекаде работат на поврзувањето и разбирањето на партиите во сите земји.

Комунистите не се срамат и не ги кријат своите погледи и намери. Тие отворено изјавуваат дека нивните цели можат да бидат постигнати само со насилно уривање на сиот постоечки општествен поредок. Нека трепераат владеачките класи пред комунистичката револуција. Пролетерите во неа нема што да загубат освен своите окови. А ќе го добијат целиот свет.

ПРОЛЕТЕРИ ОД СИТЕ ЗЕМЈИ,
ОБЕДИНЕТЕ СЕ! [11]

# (ЕДИНСТВЕНАТА СОЧУВАНА ОРИГИНАЛНА СТРАНИЦА НА НАЦРТОТ НА „**МАНИФЕСТОТ НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА**“

(Ракопис на госпоѓа Маркс)

13)

(Проле)терите, за 10-часовното работно време без споделување на илузиите за резултатите на оваа мерка. (спор. стр.41-42)

(Ракопис на Карл Маркс)

Веќе видовме:

Комунистите не поставуваат никаква нова теорија на приватната сопственост. Тие само зборуваат за историскиот факт дека буржоаските производствени, а со тоа и буржоаските сопственички односи, развојот на општествените производствени сили веќе не можат повеќе да ...

Ама не се карајте со нас, зашто укинувањето на буржоаската сопственост вие го мерите со вашите буржоаски претстави за слободата, образованието, правото итн. Самите ваши идеи се продукт на буржоаските односи кон производството и сопственоста, како што и вашето право е само во закон претворена волја на вашата класа, волја чијашто содржина е дадена во материјалните услови на вашата класа.

Вашата претстава од интерес - според која вашите односи кон производството и сопственоста, кои се историски и минливи во текот на производството, а кои ги претворате во вечни закони на природата и умот - ви е заедничка со сите пропаднати владеачки класи. Она што подразбирате под античка сопственост, под феудална сопственост, веќе не смеете да го земате за буржоаска сопственост.

Вие сепак не можете да го негирате фактот дека развојниот пат на индустријата, едностраниот ...

Комунистите не поставуваат никаква нова теорија на сопственоста. Тие зборуваат за еден факт. Вие ги негирате ударните (главните) факти, вие морате да ги негирате. Вие сте назад свртени утописти.

# ПРЕДГОВОРИ НА МАРКС И ЕНГЕЛС КОН „МАНИФЕСТОТ НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА“

(ИЗВАДОЦИ)

КАРЛ МАРКС
ФРИДРИХ ЕНГЕЛС

# ПРЕДГОВОР КОН ВТОРОТО ГЕРМАНСКО ИЗДАНИЕ ОД 1872 год. (ИЗВАДОК)

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

Макар што во последните дваесет и пет години приликите многу се изменија, општите начела што се изложени во овој „Манифест“ во целина и во најголема мера и денес остануваат точни. По нешто би се поправило овде-онде. Практичната примена на овие начела, како што тоа го објаснува самиот „Манифест“, насекаде и во секое време ќе зависи од историски дадените услови, па затоа во никој случај не треба да им се придава некоја посебна тежина на револуционерните мерки што се предлагаат на крајот на II дел. Овој пасус, денес, во однос на многу нешта, би гласел поинаку.

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

Сепак, „Манифестот“ е историски документ и ние веќе не си го припишуваме правото во него било што да смениме. [12] [13] [14] [15] [16] [17]

Лондон, Карл Маркс
24 јуни 1872 година Фридрих Енгелс

КАРЛ МАРКС
ФРИДРИХ ЕНГЕЛС

# ПРЕДГОВОР КОН ВТОРОТО РУСКО ИЗДАНИЕ ОД 1882 год. (ИЗВАДОК)

.. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

Колку ограничен простор завземаше тогаш (декември 1847 год.) пролетерското движење најјасно покажува завршната глава на „Манифестот“: ставот на комунистите спрема разните опозициони партии во разни земји. Тука, имено, недостасуваат токму - Русија и САД. Тоа беше време кога Русија ја сочинуваше последната резерва на целокупната европска реакција; кога Соединетите Американски Држави со нивното вселување го апсорбираа вишокот на работната сила на европскиот пролетаријат. Двете земји ја снабдуваа Европа со суровини и беа истовремено пазари на кои Европа ги продаваше своите индустриски производи. Значи, и двете земји, на овој или оној начин, беа столбови на постојниот европски поредок.

Денес е сосема понаку! Токму европските доселеници ѝ овозможија на Северна Америка да

развие џиновско селскостопанско производство, чија конкуренција ја потресуваше европската земјишна сопственост - како големата, така и малата. Освен тоа, имиграцијата им овозможи на Соединетите Американски Држави да ги искористат своите огромни помошни индустриски извори со таква енергија и во такви размери што таа речиси мора да го скрши досегашниот индустриски монопол на Западна Европа, а особено на Англија. Двете околности имаа повратно револуционерно дејство врз самата Америка. Малата и средната земјишна сопственост на фармите, основата на целокупното политичко уредување, сѐ повеќе и повеќе ѝ подлегнуваа на конкуренцијата на џиновските фарми; исто, во индустриските квартови за првпат се разви масовен пролетаријат и баснословна концентрација на капиталот.

А Русија?! За време на револуцијата од 1848-1849 год., не само европските владетели, туку и европските буржуи во руската интервенција наоѓаа единствен спас од пролетаријатот што допрва се разбудуваше. Царот беше прокламиран за шеф на европската реакција. Денес тој е воен заробеник на револуцијата во Гачина, а Русија е претстража на револуционерната акција во Европа.

„Комунистичкиот манифест“ имаше задача да ја прокламира претстојната неизбежна пропаст на модерната буржоаска сопственост. Меѓутоа, во

Русија, наспроти брзиот и вртоглав расцут на капитализмот и штотуку започнатиот развој на буржоаската земјишна сопственост, повеќе од половина земјиште се наоѓа во рацете на заедничкиот селански посед. Сега, значи, се поставува прашањето: може ли руската општина - тој макар и мошне поткопан облик на прастариот заеднички земјишен имот - непосредно да премине во повисок облик на комунистичка заедничка сопственост? Или, напротив, таа ќе мора да го изоди истиот процес на распаѓање, направен во историскиот развој на Запад?

Единствениот одговор на ова, кој денес е можен, е следниот: ако руската револуција стане сигнал за пролетерска револуција на Запад, така што едната со другата ќе се дополнуваат, тогаш сегашната руска заедничка земјишна сопственост ќе може да послужи како појдовна точка на еден комунистички развој. [18] [19] [20] [21]

Лондон,
21 јануари 1882 година

Карл Маркс
Фридрих Енгелс

# ПРЕДГОВОР КОН ТРЕТОТО ГЕРМАНСКО ИЗДАНИЕ ОД 1883 год. (ИЗВАДОК)

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

Основната мисла што се провлекува низ „Манифестот“: дека економското производство, и од него нужно следствената општествена структура на секоја историска епоха, ја гради основата на политичката и интелектуалната историја на таа епоха; дека според тоа (од распадот на прастарата заедничка сопственост на земјата и почвата) целата историја била историја на класни борби, на борби меѓу експлоатирани и експлоататори, меѓу потчинети и владеачки класи на разни степени од општествениот развој; но дека таа борба сега достигна таков степен на кој експлоатираната и угнетена класа (пролетаријатот) веќе не може да се ослободи од класата која неа ја експлоатира и угнетува (буржоазијата), без истовремено засекогаш да не го ослободи и целото општество од експлоатација, угнетување и класни борби - оваа темелна мисла му припаѓа единствено и исклучиво на Маркс.*

* „На оваа мисла“, велам јас во предговорот кон англиското издание, „која според мое мислење е повикана на историската наука да ѝ го втемели напредокот онака како што Дарвиновата теорија ѝ го

Јас тоа често го велев; меѓутоа токму сега е потребно тоа да стои пред самиот „Манифест“.[22]

Лондон, Фридрих Енгелс
28 јуни 1883 година

втемели напредокот на природната наука“ - на оваа мисла ние двајцата постепено ѝ се приближивме повеќе години пред 1845-та. (...)

# ПРЕДГОВОР
# КОН ГЕРМАНСКОТО ИЗДАНИЕ
# ОД 1890 год.
# (ИЗВАДОК)

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

„Манифестот“ имаше свој сопствен животен пат. Во моментот на своето осамнување со ентузијазам беше поздравен од тогашната сеуште малубројна претстража на научниот социјализам (како што тоа го докажуваат преводите наведени во првиот предговор), а тогаш речиси во заднина го потисна реакцијата, која започна со поразот на париските работници во јуни 1848 год., додека конечно „правно“ не беше прогонет со осудата на келнските комунисти во ноември 1852 година. Со исчезнувањето на работничкото движење од јавна сцена, датирано од Февруарската револуција, и „Манифестот“ стапи во заднина.

Кога европската работничка класа повторно зајакна, доволно за нов напад врз власта на владеачката класа, настана Меѓународното работничко здружение. Тоа имаше за цел целокупното борбено работништво на Европа и Америка да го слее во една голема војска. Затоа тоа и не можеше да појде од начелата изнесени во „Манифестот”. Тоа мораше да има програма што не ќе им ја затвори вратата на англиските треидјуниони, француските,

белгиските, италијанските и шпанските прудонисти, како и германските ласаловци.* Таа програма - образложенија кон статутот на Интернационалата - ја состави Маркс со таква мајсторија која што му ја признаа дури и Бакунин и анархистите. За конечната победа на поставките изнесени во „Манифестот" Маркс се потпрел единствено врз интелектуалниот развој на работничката класа, кој мораше нужно да произлезе од обединетите акции и дискусии. Настаните и пресвртите во борбата против капиталот, повеќе порази отколку успеси, не можеа, а да не им ги направат јасни слабостите на нивните дотогашни универзални лекови, а нивните глави попристапни за темелно разбирање на вистинските услови за еманципација на работниците. И Маркс беше во право. Работничката класа од 1874 год., кога Интернационалата беше распуштена, стана сосема поинаква од онаа во 1864 год., кога таа беше во основање. Прудонизмот во романските земји, специфичното ласаловство во Германија, беа во изумирање, така што и самите тогашни нагласено конзервативни англиски треидјуниони полека дојдоа

---

* Во односот спрема нас, Ласал, лично, секогаш признаваше дека е Марксов „ученик", па како таков се разбира дека стоеше на почвата на „Манифестот". Поинаку е со оние негови следбеници кои не пројдоа понатаму од неговото барање за производни задруги со државен кредит, и кои целата работничка класа ја поделија на оние што ги помага државата, и оние што самите си помагаат.

до таму што во 1887 год. претседателот на нивниот конгрес во Свенси во нивно име можеше да каже: „Континенталниот социјализам за нас престана да биде застрашување.“ Но континенталниот социјализам веќе во 1878 год., беше речиси теорија што ја објави „Манифестот“. Такашто, во историјата на „Манифестот“, до извесен степен, се огледува историјата на модерното работничко движење од 1848 година наваму. Тој е во нашата современост несомнено најраширениот, најинтернационалниот производ на целокупната социјалистичка литература, заедничка програма на многу милиони работници од сите земји, од Сибир до Калифорнија.

Па сепак, во времето кога осамна, ние не би смееле да го наречеме *социјалистички* Манифест. Под социјалисти во 1847 год., се подразбираа два вида на луѓе. Од една страна се приврзаниците на разни утопистички системи, посебно овенистите во Англија и фуриеристите во Франција, кои тогаш веќе беа сведени на обични секти во изумирање. Од друга страна сè најразличните социјални надрилекари, кои сакаа општествените неволји да ги отстранат со универзални надрилекарства и крпеници, а тоа ни најмалку да не ги здоболи капиталот и профитот. И во двата случаја се тоа: луѓе што стоеа надвор од работничкото движење, и кои, напротив, потпора бараа кај „образованите“ класи. Наспроти нив, оној дел од работниците кој, уверен во недоволноста на самите политички

превратити, бараше темелна преобразба на општеството, тој дел тогаш се нарекуваше *комунистички.* Тоа беше сирово изработен, само инстинктивен, понекогаш малку пресен комунизам, но доволно силен да роди два система на утописки комунизам: во Франција „икарскиот“ комунизам на Кабе, а во Германија на Вајтлинг. Социјализмот во 1847 год., значеше буржоаско движење, а комунизмот работничко движење. Социјализмот, барем на континентот, беше способен за салон, а комунизмот беше токму спротивното. И како што веќе тогаш бевме сосема решителни во мислењето дека „еманципацијата на работниците мора да биде дело на самата работничка класа“, ниту за миг не можевме да се двоумиме кое име да го избереме. И оттогаш, никогаш не ни падна на памет од него да се откажеме.

„Пролетери од сите земји, обединете се!“ Сосема малку гласови одговорија кога овие зборови ги пуштивме низ светот; оттогаш има веќе 42 години, во предвечерието на Париската револуција, во која пролетаријатот настапи со сопствени барања. Но, на 28 септември 1864 год., се обединија пролетерите од повеќето западноевропски земји во Меѓународно работничко здружение на богати и славни спомени. Самата Интернационала живееше, вистина, само девет години. Но колку од неа заснованиот вечен

сојуз на пролетери од сите земји уште живее, и тоа живее посилно од кога и да е, за тоа ништо подобро не сведочи одошто денешниов ден. Зашто денес, кога ги пишувам овие редови, европскиот и американскиот пролетаријат одржува смотра на своите за првпат мобилизирани борбени сили, мобилизирани како *една* војска, под *едно* знаме, и со *една* најблиска цел: законско утврдување на осумчасовен нормален работен ден, прокламиран уште од Женевскиот конгрес на Интернационалата во 1866 год., и повторен на Парискиот работнички конгрес во 1889 година. Сцената на денешниот ден ќе им ги отвори очите на капиталистите и велепоседниците од сите земји дека денес пролетерите од сите земји се навистина обединети.

Да стоеше уште само Маркс до мене, за да го види ова со свои очи! [23] [24]

Лондон, 1 мај 1890 година

Фридрих Енгелс

# ПРЕДГОВОР НА ФРИДРИХ ЕНГЕЛС КОН ВТОРОТО ПОЛСКО ИЗДАНИЕ ОД 1892 год. (ИЗВАДОК)

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

Брзиот развој на полската индустрија, која на Русија ѝ дојде преку глава, од своја страна претставува нов доказ за неуништивата сила на полскиот народ, и нова гаранција за неговата претстојна национална обнова. А обновата на една независна, силна Полска, е, меѓутоа, работа која не се однесува само на Полјаците, туку и на сите нас. Чесна меѓународна соработка на европските нации е можна само доколку секоја нација е целосно автономна во својата куќа. Револуцијата од 1848-та год., која, под пролетерско знаме, во крајна линија, пролетерските борци ги пушти да ѝ ја завршат работата на буржоазијата, преку извршителите на нејзиниот тестамент, Луј Бонапарт и Бизмарк, ја спроведе независноста на Италија, Германија и Унгарија; но Полска, која во 1792 год., за револуцијата направи повеќе отколку овие три земји заедно, Полска беше препуштена самата на себе кога во 1863 год., подлегна под десет пати поголемата руска сила. Благородништвото не можеше ниту да ја одржи, ниту да ја поврати независноста на Полска; буржоазијата денес кон

неа, во најмала рака, е рамнодушна. Па сепак, таа е потребна за складната соработка на европските нации. Неа може да ја извојува само младиот полски пролетаријат, и таа е добро чувана во неговите раце. Зашто независноста на Полска и е потребна на сета останата Европа исто толку, колку и на самите полски работници. [25] [26] [27]

Лондон, Фридрих Енгелс
10 февруари 1890 година

# ПРЕДГОВОР НА ФРИДРИХ ЕНГЕЛС КОН ИТАЛИЈАНСКОТО ИЗДАНИЕ ОД 1893 год. (ИЗВАДОК)

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

„Манифестот“ му оддава полна почит на капитализмот и неговата улога во минатото. Италија беше првата капиталистичка нација. Крајот на феудалниот среден век, мугрите на модерната капиталистичка ера, се обележани со еден голем лик - Италијанецот Данте - кој истовремено беше последниот поет на средниот век и првиот поет на новиот век. Денес, како во 1300-та год., започнува едно ново историско време. Дали Италија ќе ни го подари новиот Данте, кој ќе го објави часот на раѓањето на пролетерското време? [28]

Лондон, Фридрих Енгелс
1 февруари 1893 година

## Белешки

[1] Во своите подоцнежни трудови Маркс и Енгелс, на местото на поимите „вредност на работата" и „цена на работата", ги воведуваат поточните Марксови поими „вредност на работна сила" и „цена на работна сила". Тоа може да се види во Енгелсовите објаснувања во неговиот вовед кон изданието на Марксовиот труд „Наемен труд и капитал" од 1891 година.

[2] Десетчасовно работно време – Закон за ограничување на работниот ден за младите и жените на десет часа е усвоен во Англискиот парламент на 8 јуни 1847 година. Сепак, фабрикантите често не го почитувале.

[3] Јулска револуција – Во револуцијата од 27 до 29 јули 1830 год. париските работници, ситните сопственици и студентите изнудиле паѓање на власта на Бурбоните под Шарл X. Сепак, нивната неорганизираност ја искористила финансиската буржоазија за да ја дограби власта и го поставила Луј-Филип, војвода од Орлеан, познат како буржоаски крал. Јулската револуција имала силен одѕив кај напредните сили на сите земји и им дала поттик на револуционерите и националните движења во Белгија, Германија, Полска и Италија.

[4] Во почетокот на 30-те години на XIX век англиското работничко движење се борело за политички реформи; ова било искористено од либералната буржоазија за да на 7 јуни 1832 год. ја протурка реформата на правото на глас. Потоа месните заедници на Велика Британија со помалку од дваесет илјади жители се здобиле со право да избираат свој застапник во Долниот дом на парламентот. Сопственици на земја и куќа, кои годишно плаќале минимум 10 фунти

стерлинг данок, се здобиле со право на глас. Реформата била насочена против монополската политичка позиција на земјишната и финансиската аристрократија и најлошите феудални остатоци во англиското изборно право, што им овозможило на застапниците на индустриската буржоазија пристап во парламентот. Пролетаријатот и ситната буржоазија, главните сили во борбата за реформа, биле измамени и не се здобиле со никакво право на глас.

[5] *Легитимисти* - приврзаници на династијата на Бурбонците, поразени во 1830 год. Во борбата против династијата на Орлеанците, кои владееле од 1830 до 1842 год., и кои се потпирале врз финансиската буржоазија, дел од легитимистите прибегнале кон социјална демагогија и се однесувале како заштитници на трудбениците од експлоатацијата на буржоазијата.

[6] *Млада Англија* (Young England) - во 1842 год. основано друштво на англиски аристократи, политичари и литерати, кои се приклучиле кон Конзервативната партија (Ториевци). Неговите претставници, кај кои дошло до израз незадоволството од растечката економска и политичка моќ на буржоазијата, почнале да се служат со демагогија како средство и прибежиште, и со своето влијание врз работничката класа, истата ја искористувале во својата борба против буржоазијата.

[7] *Чартисти* - претставници на револуционерно, но не социјалистичко движење на англиските работници, кое во својот зенит во годините од 1836 до 1848 броело близу 40.000 членови. Чартистите се бореле за остварување на Народниот договор (Народна карта) подготвен во вид на барања за демократизација на државниот поредок на Англија. Со стопанскиот замав и сè посилното синдикално движење во втората половина на педесеттите години на XIX век, чартизмот постепено почнал да опаѓа.

[8] *Реформисти* - приврзаници на парискиот весник “La Réforme”, кои се залагале за демократски и социјални реформи.

[9] *Аграрни реформисти* - во 1845 год. во Америка е основано Национално реформско здружение, чиј никулец била Млада Америка, организација на американски занаетчии и работници. Тоа, пред сè , барало спроведување темелна реформа со која би следувало доделување на по 160 акри (околу 65 хектари) од државното земјиште; меѓу другите програмски барања било воведувањето десетчасовно работно време, како и укинување на ропството и постојаната војска. Во ова движење земале учество голем број емигрирани германски занаетчии.

[10] За време на борбата за национално ослободување на Полска, на 22 февруари 1846 год., на востаниците во Краков им успеало да формираат национална влада. Тие обнародиле Манифест со кој се барало укинување на феудализмот. На почетокот на март 1846 год. востанието било задушено од австроунгарски, пруски и руски трупи.

[11] Првпат оваа лозинка ја понесе насловната страница на пробниот примерок на “Комунистичко списание”, во Лондон, во септември 1847 год., откако така беше одлучено од страна на неговите издавачи, на првиот конгрес на Сојузот на комунистите. На вториот конгрес Маркс и Енгелс ја засадија оваа лозинка како дефинитивна лозинка на партијта; таа стапи на местото на старото мото на Сојузот: “Сите луѓе се браќа”.

[12] *Сојузот на комунистите* била прва револуционерна партија на германската и меѓународната работничка класа и претходник на меѓународното здружение (интернационална асоцијација) на работниците. Во неговото основање и раководење најголемо учество имале Маркс и Енгелс. Програмата и Статутот на Сојузот,

чии членови во најголем број биле пролетаризирани германски занаетчии, стоеле на темелите на научниот комунизам. Сојузот на комунистите произлегол од Сојузот на праведните и од Бриселскиот комунистички комитет за кореспонденција, кој бил раководен од Маркс и Енгелс. Неговото основање започнало на првиот конгрес, во почетокот на јуни 1847 год. во Лондон, и завршило на вториот конгрес, кон крајот на ноември и почетокот на декември 1847 год. во Лондон. За време на револуцијата во 1848/49 год. неговите членови одиграле голема улога во почетоците на формирањето на масовно политичко движење на германскиот пролетаријат, како и во револуционерната борба за продолжување на револуцијата. Кон крајот на 1849 год. и почетокот на 1850 год. тој е реорганизиран, и после спорот со ситнобуржоаската фракција на Вилих-Шапер, неговата илегална централна управа е преселена во Келн. Обновениот замав на пропагандната и организациска активнот на Сојузот на комунистите во пролетта 1851 год. е скршен со бранови апсења во текот на мај 1851 година. Неговата работа фактички завршила со Келнскиот процес против комунистите на крајот на 1852 година.

[13] *Февруарска револуција* (од 22 до 25 февруари 1848 год.) - во вооружено востание, париските работници, занаетчии и студенти ја урнаа граѓанско-конститутивната монархија на Луј-Филип, и го изнудија прокламирањето на Француската Република.

[14] “*Црвениот републиканец”* (Лондон) - чартистичко списание, што го издавал Џулијан Харнеј од јуни до ноември 1850 год.; од 9 до 30 ноември 1850 год. списанието го објавило првиот англиски превод на “Манифестот”, под наслов “Манифест на Германската комунистичка партија”.

[15] *Јуни-Инсурекција* - востанието на парискиот пролетаријат од 23 до 26 јуни 1848 год. била првата голема пресметка

помеѓу буржоазијата и пролетаријатот. Изолиран од неговите ситнобуржоаски и селански сојузници, и без заедничко водство, парискиот пролетаријат доживеал крвав пораз.

[16] "*Le Socialiste*" (Њујорк) - неделник, што на француски јазик излегувал од октомври 1871 до мај 1873 год.; орган на француската секција на меѓународното работничко здружение во САД; ги поддржувала граѓанските и ситносопственичките елементи во Северноамериканската федерација; после конгресот во Хаг, во 1872 год., ги прекинала односите со Интернационалата; од 20 јануари до 30 март 1872 год. во истото списание е објавен "Манифестот".

[17] *Париска комуна* - (од 18 март до 28 мај 1871 год.) бил првиот обид на пролетаријатот за востановување на политичка власт на работничката класа. Таа спроведе важни политички мерки, какви што се изборност и сменливост на сите државни функционери, отстранување на одвоеноста на легислативата од егзекутивата, и замена на постојаната војска со општо вооружен народ. Недостатокот на јасна, научно фундирана концепција за борба и водечка револуционерна партија на пролетаријатот, како и надмоќта на контрареволуцијата, биле причините за неуспехот на Париската комуна. Свирепо уништена, таа своето најголемо значење го постигнала со откривањето на учењето на Маркс и Енгелс. Марксистичката анализа ја потврдила нужноста од разбивање на буржоаскиот државен апарат и ги проширила и конкретизирала претставите за диктатурата на пролетаријатот, политиката на сојузи и учењето на Партијата.

[18] Предговорот кон второто руско издание на Манифестот, од 1882 год., бил последниот заеднички авторизиран предговор на Маркс и Енгелс.

[19] Првиот руски превод на Манифестот е издаден во 1869 год. во Женева.

[20] „Колокол“ („Колоколъ“) - револуционерно-демократско списание, основано од Александар Херцен и Николај Огарјов, на руски јазик осамнало два пати месечно од 1 јули 1857 до 1865 год. во Лондон, и до 1867 год. во Женева; 1868/ 69 год., списанието продолжило да излегува во Женева, со руски прилози, но на француски јазик, под наслов „Kolokol (La Cloche). Revue du développement social, politique et littéraire en Russie“.

[21] По убиството на царот Александар II, организирано од тајната народна организација Народная воля (Народна волја), неговиот наследник Александар III, плашејќи се од нови терористички акции на Народна волја, под заштита на полицијата и војската, на 13 март 1881 год. се крунисува за цар, во замокот Гачина недалеку од Санкт Петербург.

[22] Во *Келнскиот процес против комунистите* во 1852 год., поради наводно велепредавство, единаесет членови на Сојузот на комунистите се изведени пред суд. Тужбата се потпирала врз “Книгата на протоколот”, фабрикувана од пруската тајна полиција за седиштето на централната управа на Сојузот, како и врз други фалсификати. Седуммина од тужените биле осудени на три до шест години строг затвор. Во своите “Откритија за комунистичкиот процес во Келн” Маркс ја разоткрил политичката заднина на процесот, како и подмолните методи што ги применувала пруската полициска држава.

[23] *Меѓународното работничко здружение* (I Интернационала) е основано на 28 септември 1864 год. во Лондон, на меѓународен работнички митинг. Како членови на Генералниот совет, кој бил постојан раководен орган на Интернационалата, фактички организатори биле Маркс, а од 1870 год. и Енгелс. Интернационалата била првата масовна меѓународна револуционерна

организација на пролетаријатот, со влијание во повеќето европски земји и САД. Таа за првпат го остварила пролетерскиот интернационализам во повеќе форми. Конференцијата во Филаделфија во 1876 год. официјално го објави нејзиното распуштање.

[24] Се мисли на Маркс како на автор на “Инаугуралната адреса на Меѓународното Работничко Здружение” (Интернационала), како и на “Провизорните статути на Меѓународното Работничко Здружение”.

[25] За полското издание на “Манифестот”, кое осамна во Лондон во 1892 год., се погрижија полските емигранти, а истото излезе во издание на списанието “Przedswit”. Издавачите го претставиле како второ издание, мислејќи на претходното издание кое осамна во Женева во 1883 година. Сепак, првиот превод на полски, на кој укажуваат Маркс и Енгелс во нивниот предговор на германското издание на “Манифестот” од 1872 год., е објавено уште во 1848 год. во Лондон.

[26] *Полски конгрес* - полски дел на конгресот, базиран на одлуките на Виенскиот конгрес во 1814/15 год., означен како Кралство Полска во Персонална унија со Русија.

[27] После првата поделба на Полска во 1772 год. помеѓу Русија, Прусија и Австро-Унгарија, во 1792 год. дојде до прво востание за полско национално обединување, а востанијата продолжија и во XIX век. Сите биле крваво задушувани. Бунтот во Полскиот конгрес на 22 јануари 1863 год. не бил само важна етапа во националното ослободување на полскиот народ, туку има и меѓународно значење; тој е поддржан од напредните сили на Европа. Протестните акции на меѓународниот пролетаријат против свирепото и подмолно газење на Полска од страна на царизмот, и рамнодушноста со која на тоа гледале сите влади, одиграле важна улога во основањето на меѓународното работничко здружение.

[28] Овој предговор го напишал Енгелс на молба на италијанскиот социјалист Филипо Турати, кој француските ракопис го превел на италијански.

# Регистар на имиња

**Александар III** (1845-1894), Цар на Русија (1881-1894).

**Бабеф, Франсоа-Ноел** (Babeuf, Francois-Noël) (1760-1797), француски револуционер, утопистички комунист, организатор на „Заговорот на еднаквите“.

**Бакунин, Михаил Александрович** (1814-1876), руски демократски публицист, учесник во револуцијата во 1848/49 во Германија; подоцна главен претставник на анархизмот; член на меѓународното работничко здружение (интернационална работничка асоцијација), во која настапувал како противник на марксизмот.

**Бизмарк, Ото фон** (Bismarck, Oto Fürst von) (1815-1898), пруски Претседател на влада (1862-1872 и 1873-1890) и Рајхсканцелар (1871-1890).

**Кабе, Етјен** (Cabet, Étienne) (1788-1856), француски правник и публицист, утопистички комунист, автор на утопистичкиот роман „Voyage en Icarie“ (Патување за Икарија) (1842).

**Данте Алигиери** (1265-1321), италијански поет.

**Дарвин, Чарлс Роберт** (1809-1882), англиски истражувач на природата, основач на учењето за потеклото и развојот на растителните и животинските видови.

**Енгелс, Фридрих** (1820-1895).

**Фурие, Франсоа-Мари-Шарл** (Fourier, Francois-Marie-Charles), француски утопистички социјалист.

**Грин, Карл** (Grün, Karl) (псевдоним Ernst von der Haide) (1817-1887), публицист; кон средината на четириесеттите години на XIX век спаѓал во главните застапници на „вистинскиот" социјализам; ситносопственички демократ; претставник во пруското национално собрание (лево крило).

**Гизо, Франсоа-Пјер-Жилом** (Guizot, Francois-Pierre-Guillaume), француски историчар и државник, орлеанец; во периодот 1840-1848 ја водел внатрешната и надворешната политика на Франција; ги застапувал интересите на финансиската буржоазија.

**Харнеј, Џорџ Џулијан** (Harney, Georg Julijan), (1817-1897), англиски работнички лидер, водач на левото крило на чартистите; редактор на неколку чартистички издавачки одбори; член на бриселскиот комунистички комитет за кореспонденција на Сојузот на праведните и на Сојузот на комунистите; во почетокот на педесеттите години на XIX век одржувал врска со Маркс и Енгелс; од 1863 до 1888 година живеел во САД; учесник во Меѓународното работничко здружение.

**Хакстхаузен, Аугуст, Фрајер** (Haxthausen, August Freiher von), пруски чиновник, писател; приврзаник на телесната заедница.

**Херцен, Александар, Иванович** (1812-1870), руски материјалистички философ, публицист и писател; револуционерен демократ; од 1852 година живеел во Лондон, каде што го издавал списанието „Колокол"; умрел во Париз.

**Ласал, Фердинанд** (Lassalle Ferdinand) (1825-1864), писател и ситносопственички демократ; земал учество во револуцијата во 1848 год., кога се запознал со Маркс и Енгелс; негова историска заслуга е што се согласил со стремежите на работничката класа за нејзино организационо одвојување од либералната буржоазија; сепак, тој не ја врзувал работничката класа за каква и да е револуционерна перспектива, туку ја

споделувал илузијата дека со помош на јункерско-пруската држава таа ќе може по мирен пат да прерасне во социјализам.

**Ледру-Ролан, Александар-Август** (Ledru-Rollin, Alexandre-Auguste) (1807-1874), француски правник, публицист и политичар, водач на ситносопственичката демократија; редактор на списанието „La Reform"; Во 1848 год. министер за внатрешни работи во Провизорната влада и член на Комисијата за егзекуција; депутат на конститутивното и законодавното национално собрание.

**Маркс, Карл** (Marx Karl), (1818-1883).

**Метерних, Клеменс Венцел** Лотар Фурст фон (Metternich, Clemens Wenzel Lothar von) (1773-1859), австриски државник и дипломат; министер за надворешни работи (1809-1821) државен канцелар (1821-1848), сооснович на Светата Алијанса.

**Морган, Луис Хенри** (Morgan, Lewis Henry), (1818-1881), американски етнолог, археолог и историчар на првобитното општество, застапник на спонтаниот материјализам.

**Наполеон III, Луј Бонапарт** (Napoleon III, Louis Bonaparte) (1808-1873), Претседател на Втората република (1848-1853), Цар на Французите (1852-1870); внук на Наполеон I.

**Овен, Роберт** (Owen Robert), (1771-1858), англиски утопистички социјалист.

**Прудон, Пјер-Жозеф** (Proudhon, Pierre-Joseph), (1809-1865), француски публицист, социолог и економист, идеолог на ситната буржоазија; теоретичар и основоположник на анархизмот.

**Сен-Симон, Клод-Анри де Руврои, Конт де** (Saint-Simon, Claude-Henri de Rouvroy, comte de), (1760-1825), француски утопистички социјалист.

**Сисмонди, Жан-Шарл-Леонард Симонде де** (Sismondi, Jean-Charles-Leonard Simonde de), (1773-1842), швајцарски економист и историчар.

**Вајтлинг, Вилхелм** (Weitling, Wilhelm), (1808-1871), кројач, водечки член и теоретичар на Сојузот на праведните; застапник на утопистичкиот работнички комунизам во Германија; во 1849 год. емигрирал во Америка; кон крајот на животот му се доближил на Меѓународното работничко здружение.